УДК 881.01(497.17)(091)

Бранко ПАНОВ

# МИСИОНЕРСКАТА ДЕЈНОСТ НА КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО МАКЕДОНИЈА*

Иако триесетгодишната учителска и епископска дејност на Климент Охридски во Македонија, која без прекини се одвивала од 886 до 916 година, досега во науката била предмет на сестрани проучувања, сеуште не е даден одговор на повеќе спорни прашања.[1] Причина за тоа се едностраните и несигурни изворни податоци.[2] До откривањето на нови изворни материјали и натаму ќе бидат подложени на сестрани научни проучувања расположивите извори со цел да се расветлат проблемите сврзани со овој најзначаен период од животот и дејноста на Климент Охридски.

## 1.

Седумгодишната учителска дејност на Климент во Македонија, која се одвивала од 886 до 893 година, со право досега била во центарот на вниманието кај повеќе познавачи на Климент Охридски. Како учител во областа Кутмичевица, Климент ги поставил темелите на Охридската книжевна школа и словенската црква во Македонија, со што со успех го продолжил

---

* По повод 1100 години од назначувањето на Климент Охридски за прв словенски епископ во Македонија. (Преземено од: Климент Охидски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, МАНУ, Скопје, 1989, 299-322)

[1] Поопстоен суд за тоа види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, епископ словенский. Его жизнь и просветительная деятельность. Сергиев Посад 1913, стр. 145 и сл.; Ив. Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски. Сб. Климент Охридски. София 1966, стр. 291 и сл.; Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета. – Сб. Климент Охридски. София 1966, стр. 308 и сл.; П. Коледаров, Климент Охридски, „първи епископ на български език" в Западните Родопи. Сб. Константин-Кирил Философ, София 1969, стр. 142 и сл.; Ил. Г. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски. Исторически преглед, г. X, кн. 1, София 1984, стр. 97 и сл.

[2] Критички осврт на изворите види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 3 и сл.; Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски. София 1966, стр. 9 и сл.; истиот, Двете гръцки жития на Климент Охридски, Сб. Климент Охридски. София 1966, стр. 143 и сл.; Ив. Дуйчев, Краткото Климентово житие од Димитрий Хоматиан. Сб. Климент Охридски. София 1966, стр. 161 и сл.; истиот, Пространно гръцко житие и служба на Наум Охридски. Сб. Константин-Кирил Философ. София 1969, стр. 261 и сл.

сесловенското дело на своите учители Кирил и Методиј. Со големината на своето словенско дело Климент бил вброен меѓу најголемите великани во културната ризница на човештвото. Со такви високи признанија Климент бил удостоен уште од своите бројни ученици-следбеници,[3] како и од неговите грчки биографи Теофилакт Охридски[4] и Димитрија Хоматијан.[5] Во Пространото Климентово житие Теофилакт со нагласеност истакнал дека Климент бил еден од најспособните ученици на браќата Кирил и Методиј и дека тој спаѓал во „групата на корифеите", која, покрај него, ја сочинувале и Горазд, Наум, Ангеларий и Сава.[6] Димитрија Хоматијан, пак, во Краткото Климентово житие, откако истакнал дека Климент „измислил и други форми на буквите за поголема јаснотија од оние што ги пронашол мудриот Кирил", со нагласеност заклучил дека тој со нив напишал голем број дела и изградил голем број ученици од кои некои биле удостоени со свештенички чинови и така успеал да го претвори „варварскиот и див народ во свет народ, со што извршил апостолско дело" и се здобил со апостолско достоинство.[7]

Климент Охридски не случајно бил испратен од кнезот Борис (852-889) на мисионерска работа во Македонија. Во освоените македонски и албански краишта од Бугарите во периодот 855-864 година,[8] Климент како учител требал да изврши мисија од специјално значење.[9] При извршувањето на својата мисионерска дејност Климент морал да се држи до програмата определена од кнезот Борис,[10] зашто во овие тукушто освоени македонски и албански области Бугарите наидувале на силен отпор од потчинетото население[11]. Освен тоа, сѐ посилно било влијанието на Византија преку грчките свештеници кои по покрстувањето на бугарските поданици во 864 година слободно дејствувале и на територијата на Македонија.[12] Затоа мисионерската работа на Климент требало да се одвива во два правци: да се изградат

[3] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 127: Й. Иванов, Български старини из Македония. Фототипно издание. София 1970, стр. 312-313.

[4] Опстојно за Теофилакт Охридски и неговите дела види: Бр. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ. Скопје 1971; Гръцки извори за българската история, IX, ч. I. София 1974.

[5] Најнови искажувања за Димитрија Хоматијан и неговото житие за Климент Охридски види: Ал. Милев, Двете гръцки жития на Климент Охридски, стр. 155 и сл.; Ив. Дуйчев, Краткото Климентово житие от Димитрий Хоматиан, стр. 161-171, каде се приложени за споредување грчкиот и словенскиот текст на ова житие.

[6] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 81; Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 118.

[7] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 181.

[8] Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 168; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, Скопје 1985, стр. 687 и сл.

[9] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 185; С. Лишев, За генезиса на феодализма в България. София 1963, стр. 197.

[10] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 187-188.

[11] Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 689 и сл.

[12] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 175; В. Гюзелев, Княз Борис Първи. София 1969, стр. 406 и сл.; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 694-695.

словенски учители и свештеници и од црквите да се истиснат грчките, и преку црквата да се дејствува во смирување на верниците и нивното претворување во послушни поданици на бугарската држава.[13]

Бугарскиот двор на чело со кнезот Борис не случајно му ја доверил оваа одговорна задача на Климент. Тој уште во Велика Моравија, дејствувајќи како византиски мисионер, се наредил во редот на оние многу учени ученици на браќата Кирил и Методиј кои дејствувале како учители.[14] Освен тоа, Климент се вброил и меѓу оние „славни мажи" кои во Рим папата Адријан II ги удостоил со свештенички чин.[15] Затоа, по бегството од Велика Моравија, Климент, Наум, Ангеларij и други нивни соученици само што пристигнале во Белград, кој тогаш го владееле Бугарите,[16] бугарскиот наместник Боритакан веднаш „како скапоцен дар" ги испратил на бугарскиот двор во Плиска, „зашто знаел дека Борис жеднеел за такви мажи".[17] Откако овие „учители и градители на верата" кнезот Борис ги снабдил со свештенички алишта, ги „удостоил со секаква почит".[18]

По краткото задржување во Плиска Климент бил испратен од кнезот Борис на мисионерска работа во областа Кутмичевица. Притоа, истакнува неговиот житиеписец Теофилакт, Климент „никогаш не престанал да се грижи да не го измами кнезот во надежите што тој ги имал во него.".[19] Главната задача што му ја поставил Борис на Климента не се состоела во елеминирањето на паганите (кои сеуште ги имало во одделните македонски краишта),[20] туку да создаде словенски школи во кои учениците би се обучувале со словенска писменост и црковна литература. Во таа смисла во право е Н. Туницки кога вели дека „это было фундаментом всего дела задуманнаго Климентом и Борисом".[21]

Временски гледано, учителската дејност на Климент Охридски се одвивала во последните години од владеењето на кнезот Борис (886-889) и краткото владеење на неговиот првороден син Владимир (889-893), кого Борис брзо го сменил од престолот и го поставил својот втор син Симеон (893-927), бидејќи тој се обидел да го обнови паганството во Бугарија.[22] Тоа пак јасно говори дека Борис и за време на краткото владеење на Владимир во своите раце ја држел целата власт, па можел да раководи и со Климента и со другите потчинети органи кои ја затврдувале бугарската власт и во рамките на областа Кутмичевица.

[13] Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 692.

[14] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 110-111. Сп.; Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 185 и сл.

[15] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 82-83, 110-111.

[16] Ibid., 121. Сп.: J. Калић-Мијушковић, Београд у средњем веку. Београд 1967, стр. 32.

[17] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 120-121. Сп.: Н. Л. Туницкий, Св Климент, стр. 150 и бел. 1.

[18] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 122-123.

[19] Ibid., 124-127.

[20] Ibid., 126-127. Сп.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 188; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 359 и сл.

[21] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 188.

[22] Ibid., 153 и сл.; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 458 и сл.

Уште пред да го испрати Климента во областа Кутмичевица, кнезот Борис му обезбедил непречена работа. Тоа со нагласеност го истакнал и житиеписецот Теофилакт, кога навел: „Потоа, бидејќи овој вистински потстратег Михаил, истиот когошто погоре во нашиот расказ го нарековме Борис, не престануваше да мисли, како да даде на светите мажи сè за неуморното завршување на божјото дело, по внушување божјо ја оттргна Кутмичевица од Котокиј и ослободувајќи го од диоцезот, го постави за нејзин началник Домета. Тој го предаде Домета на Климента, или поточно ги повери еден на друг, едниот како послушен во сè, а другиот, како задолжен да се користи од првиот како од свој помошник, за да ги постигне своите намери. Така Климент беше испратен за учител во Кутмичевица и кон сите жители на оваа област беа издадени заповеди да го примаат светецот благочестиво и да му доставуваат сè најубаво во изобилство, да го даруваат со подароци и така преку очигледни знаци од сите да се пројави вложеното во душата богатство на љубовта”.[23]

Во научната литература со право овој дел од Климентовото житие предизвикал жива полемика меѓу истражувачите. Предмет на сестрана анализа пред сè станале изразите „Котокиј” и „Кутмичевица”.[24]

Во врска со наведениот израз „Котокиј” (*Κοτοκιοѕ*) во науката засега се искристализирани две гледишта. Првото се сведува на тоа дека Котокиј била поголема област од која била издвоена областа Кутмичевица,[25] а второто дека тоа било лице кое кнезот Борис го отстранил од управата над областа Кутмичевица и на негово место го поставил Домета (Добета).[26] Второто гледиште е поприфатливо, зашто навистина глаголот „оттргна” (*διαιρει*) се однесува на личност.[27] Со таквото сфаќање на Теофилактовиот текст се овозможува да се сфати дека кнезот Борис го отстранил Котокиј од управничката должност во областа Кутмичевица и на негово место го поставил Домета, со кого Климент требало да ја усогласува својата учителска дејност.[28].

Меѓу познавачите на Климент Охридски постои големо нeединство и по прашањата околу називот, местоположбата и големината на областа

---

[23] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124-125. Нашиот превод е базиран врз поисправниот превод на овој текст, кој ни го имаат понудено: М. Войнов, Някои въпроси във връзка с образуването на българската държава и покръстването на българите, III, 10, София 1962, стр. 302-303 и бел. 110; Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета. Сб. Климент Охридски 916-1966. София 1966, стр. 310. Сп.: В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 355 и сл.; П. Коледаров, Климент Охридски, „първи епископ на български език”..., стр. 158-159.

[24] Види: Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 310 и сл.; П. Коледаров, Климент Охридски, стр. 158-159.

[25] Види: П. Коледаров, Климент Охридски, стр. 158, бел. 5. Во последно време ова старо традиционално гледиште го поддржа и Т. Томоски, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија. Во кн. Климент Охридски. Студии. Скопје 1986, стр. 204 и сл.

[26] На такво гледиште стојат: М. Войнов, Някои въпроси..., стр. 302-303, бел. 110; Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 310 и сл.; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 355 и сл.; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 693 и сл.

[27] Ив. Венедиков, Климент Охридски, стр. 310.

[28] Ibid., 310 и сл.

Кутмичевица (Κουτμιτζινιτζα, Κουτμητζιβιτζα, Κουτμιτζιβιτζα).[29] Сестраниот познавач на Климент Охридски, Н. Туницки, кој инаку е приврзаник на гледиштето дека Кутмичевица „была выделена из более обширной области Котокия (εκ του Κοτοκιου)", се изјаснил дека „самое название Кутмичивица – Кутмичевица – или славянскаго происхождения и образовалось от слова кут (ср. серб. кут, лужицк. kut, полъск. kat, чеш. kout, словинск. kot) в значении угол, или албанскаго – и должно быть сближено с албанским местным обозначением Κjυτσενιτζεα от Κjυτσι = тоск. Κjoυτετι – название города. Принимая этот географический термин за славянский (ср. Шипков-ца, Серг-ев-ца, Митр-ов-ца), можно думать, что Κουτμιτζιβιτζα образовалосъ через посредство названия жителей Македонскаго угла – кутмичи (м. б. = кут(ь)личи; ср. сербск. кутао, род. кутла ковшъ)"[30]. Во последно време кон овие две гледишта В. Чалков придодал и трето: дека називите Кутмичевица или Кутмичиница се од прабугарско потекло и означуваат „новопридобита, новоприсъединена земля".[31] Ваквото искажување е доста убедливо, зашто навистина расположивите изворни податоци говорат во прилог на тоа дека областа Кутмичевица паднала под бугарска власт за време на владеењето на кнезот Борис.[32]

Меѓу познавачите на Климент Охридски постои големо неединство и по прашањето околу местоположбата и големината на областа Кутмичевица. П. Шафарик територијата на Кутмичевица ја лоцирал помеѓу градовите Скопје, Авлона, Костур и Воден.[33] Слично се изјаснил и Ф. Рачки кога навел дека Кутмичевица опфаќала „dio Albanske i Macedonie, te se protezala po prilici od rieke Vardara i grada Skopja do Valone, gor akroceraunskieh, Kostura i Vodena".[34] Ова гледиште го прифатиле и Захарие фон Лингентал и В. Јагиќ.[35] За разлика од овие учени, С. Новаковиќ се изјаснил дека областа Кутмичевица се протегала на крајниот југ, т.е. на југозапад од Охрид кон Берат и Авлона и јужно од Главиница, со што тој осетно ја намалил нејзината големина кога од нејзините рамки го исклучил дури и градот Девол.[36] Поинакво гледиште застапува Г. Баласчев, кога се изјаснил дека во рамките на областа Кутмичевица влегувале 12 епархии, со што нејзината територија ја израмнил со Котокиј.[37] Поконкретен одговор на ова спорно прашање се обидел да даде Н.

[29] Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 177 и сл.; П. Коледаров, Климент Охридски, стр. 158-159 и бел. 3.; Ал. Милев, Двете гръцки жития на Климент Охридски, стр. 149.

[30] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 183, бел. 1.

[31] Види: П. Коледаров, Климент Охридски, стр. 158-159.

[32] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 168 и сл.; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 686 и сл.

[33] П. И. Шафарик, Расцвет славянской письменности в Булгарии. Чтения в Обществе истории и древностей российских, 7, СПб 1848, стр. 45-46.

[34] Fr. Rački, Viek i djelovanje Sv. Cyrilla i Methoda slovjenskih apoštol... II, Zagreb 1859, str. 379-380.

[35] Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 180, бел.2.

[36] Ст. Новаковић, Први основи словенске књижевности међу балканским Словенима. Београд 1893, стр. 78.

[37] Г. Баласчев, Климент, епископ словенски и службата му по стар словенски превод с един гръцки паралелен текст. София 1898, стр. XXI-XXII.

Туницки, изјаснувајќи се дека Кутмичевица „занимала всю юго-западную часть Македонии и Албании, от Солуня и до Адриатическаго побережя на запад. Южная граница ея тянулась от Солуня до Иерихо, проходя, действительно, согласно с мнением Шафарика, через Касторию и Водену. Но как далеко простиралась она на север, выше Охридскаго озера, сказать определенно нельзя".[38] Во последно време, со мали или поголеми корекции, ваквото гледиште го прифатиле и Ив. Снегаров, Ив Венедиков, П. Коледаров, Т. Томоски и др.[39]

Средиштето на областа Кутмичевица секако го сочинувале охридско-деволските краишта. Во прилог на тоа убедливо говори искажувањето на житиеписецот Теофилакт, дека кнезот Борис за поголем потстрек на другите му „предал како подарок на триблажениот Климент три дворци во Девол, кои се одликувале по својот раскош и им припаѓале (на луѓе) од комитски род. Освен тоа му подарил и места за одмор околу Охрид и Главиница".[40]

Во научната литература досега без резерва се застанало на гледиштето дека кнезот Борис го удостоил Климента со три раскошни куќи (т.е. дворци)[41] во градот Девол.[42] Меѓутоа, искажувањето на Теофилакт дека Климент дворците ги добил „во Девол (*εν Διαβολει*)" нè наведува да го поставиме прашањето дали трите дворци исклучиво треба да се бараат во градот Девол или пак во областа Девол, зашто под изразот „Девол" (*Δεαβολιs* или *Διαβολιs*), како што правилно се искажал Н. Туницки, се подразбира реката, областа и два града.[43] Со оглед на фактот, дека Климент добил места за одмор „околу" Охрид и Главиница, како што било случај и со Наум, кој „во Деволскиот лиман, на крајот на езерото на Охридскиот град, во меѓуречјето, Наум изгради голем манастир"[44], има основа да се застане на гледиште дека е можно и Климентовите дворци да се наоѓале во Деволската област,

---

[38] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 182-183.

[39] Ив. Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски, стр. 296; Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 311 и сл.; П. Коледаров, Климент Охридски, стр. 159 и сл.; Т. Томоски, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија, стр. 205 и сл.; Ил. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски, стр. 97 и сл.; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 688 и сл.

[40] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124-125. Сп.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 60, кој ни понудил ваков превод: „Сам Борис предложил в дар блаженнейшему Клименту три дворца в Диаболе, превосходные по великолепию, принадлежавшие графскому (*κομητων*) роду. Кроме того около Охриды и Главиницы подарил ему места для отдохновения".

[41] Изразот *τρεις εικους* во научната литература обично се преведува како „три куќи". Види: Ал. Милев, Двете грцъки жития на Климент Охридски, стр. 150. Нам поверодостоен превод ни изгледа оној од Туницки: „три дворца" (Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 60).

[42] Во последно време, на пример, ова гледиште го поддржуваат: Ал. Милев, Двете грьцки жития на Климент Охридски, стр. 150; Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 311 и сл.; Д. Ангелов, Българската народност и делото на Климент Охридски. Сб. Климент Охридски 916-1966. София 1966, стр. 59; Т. Томоски, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија, стр. 205.

[43] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 177 и сл.

[44] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 313. Сп.: Ил. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски, стр. 97 и бел. 5, 98 и сл.

зашто тие биле конфискувани од кнезот Борис од словенските племенски водачи кои му пружиле отпор при завладувањето на нивните територии.[45].

Што се однесува до местоположбата на гардот Девол, кој според Ив. Венедиков станал средиште на областа Кутмичевица, односно седиште на т.н. Деволски комитат,[46] сеуште во науката нема единствено гледиште.[47]. Поаѓајќи од расположивите изворни податоци, Н. Туницки направил обид приближно да ја одреди не само местоположбата на овој град туку и на самата Деволска област и реката Девол. Според него постоеле два града со називите Девол. Едниот од нив се наоѓал „на левом берегу р. Девола, на юг от Охриды и на северо-запад от Кастории", а другиот на местото каде се наоѓаат остатоци од град „называемыя Ески-Девол или Старый Девол и лежащия недалеку на юго-запад от городка Девол. Последний соответсвует древнему малому Деволу, а развалины Ески-Девола – великому Деволу (впоследствии Σελασφορος или слав. Звезда). Область Девол расположена была вокруг этих городов, к югу от Маличскаго и Преспанскаго озер. Северная граница этой области непосредственно соприкасалась с Охридской областью, так как св. Наум, живший несомненно в Девольских пределах, в то же время имел свой манастырь 'на исходе Белаго (=Охридскаго) озера'. Как далеко простиралась область Девол на юг, восток и запад, определенно сказать трудно". Во врска со р. Девол пак навел дека таа „протекает на юге от Охридскаго и Преспанскаго озер, преходит поперек Албании и, по соединении с Узумом, впадает в Адриатическое море с именем Семени или Ергента".[48]

Овие искажувања на Н. Туницки подоцна им служеле на истражувачите како појдовни при определувањето на местоположбата на градот Девол и Деволската област. Во последно време до значајни резултати дошол Ив. Венедиков кога се изјаснил дека еден од 10-те комитати, на колку што била поделена проширената бугарска држава, бил и оној „с центар Девол", кој ја опфаќал територијата на Кутмичевица и кој тој го именувал како Деволски комитат. Во рамките на овој комитат влегувала Западна Македонија со градовите Велес, Прилеп, Битола, Меглен, Кичево и Дебар, Охрид, можеби и Костур, како и Јужна Албанија сè до Јадранското Море.[49] Ваквото гледиште го поддржал и П. Коледаров, кој притоа допуштил „името 'Кутмичевица' да е било изместено от това на средишния град на военно-административната област Девол-Деволска хора' или 'комитат', както загубило смисъла си на 'новопридобита земя' пред вид бурното разширение на българската държава

[45] Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 167; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 690-691.

[46] Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 315.

[47] Види: П. Коледаров, Климент Охридски, стр. 159 и таму п[illegible]ената литература; Т. Томоски, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија, стр. [illegible] бел. 8; од истиот, По трагата на средновековниот град Девол. – Годишен зборник на Фи[illegible]зофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 1 (27), Скопје 1975, стр. 188 и сл.

[48] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 177.

[49] Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 311 и сл.

и затова е изчезнало бързо и не се среща в други източници".[50]. Т. Томоски, пак, градот Девол го лоцирал на патот Преспа-Корча, на излезот од клисурата меѓу планините Звезда и Иван, во непосредна близина на Преспанското Езеро.[51] Ил. Илиев, држејќи се главно до вестите од Второто словенско Наумово житие, го сместил г. Девол „някъде в подножието на гористия хребет Г'ора", која се наоѓала меѓу Охридското Езеро, р. Девол, планината Мокра и Сува Гора".[51a]

Градот Девол секако бил еден од средишните градови на областа Кутмичевица, каков што бил случајот и со Охрид и Главиница.[52] Тој бил еден од „околните градови" чијшто центар бил „илирскиот град Лихнид (Охрид)".[53] Затоа неговата местоположба треба да се бара „во Деволскиот ливан, близу градот Охрид",[54] т.е. на просторот меѓу Преспанското Езеро и јужниот брег на Охридското Езеро. Во таа смисла убедливи се искажувањата на научниците кои овој средишен град на областа Кутмичевица го лоцирале на местото каде што се наоѓаат остатоци од град наречен Ески-Девол (Стар Девол), а кое место подоцна било наречено Звезда.[55]

Местоположбата на градот Девол секако била одлучувачка кнезот Борис да го одбере за средиште на Деволскиот комитат.[56] Инаку, во рамките на овој комитат била вклучена целата област Кутмичевица.[57] Оваа погранична територија била уредена во посебен комитат со цел да се парализираат византиските напади од воените бази во Драч и Солун.[58] Од расположивите изворни податоци не е можно да се утврди кога овие новоосвоени области од Југозападна Македонија и Јужна Албанија биле опфатени во рамките на Деволскиот комитат. Тоа секако било пред склучувањето на договорот за мир меѓу Византија и Бугарија во 864 година.[59] Исто така скудните извори не им овозможиле на истражувачите да утврдат кој сè стоел на чело на Деволскиот комитат, како и тоа кога комитот Котокиј бил отстранет од

---

[50] П. Коледаров, Климент Охридски, стр. 159.

[51] Т. Томоски, По трагата на средновековниот град Девол, стр. 188, бел. 5, 195 и сл.; истиот, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија, стр. 205.

[51a] Ил. Г. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски, стр. 98.

[52] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124-125. Околу местоположбата на г. Главиница во научната литература постои нееднинство меѓу иследувачите. Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 178-179; Ив. Снегаров, Къде се намирил средновековният град Главиница. Археология, V, София 1963, стр. 1 и сл.; Е. Георгиев, Охридската книжовна школа, стр. 60; Ал. Милев, Двете гръцки жития на Климент Охридски, стр. 150.

[53] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 176-177.

[54] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 312.

[55] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 177.

[56] Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 311.

[57] Ibid. 315; П. Коледаров, Климент Охридски, стр. 159.

[58] M. Graebner, The Slaves in Byzantine Europe-Absorbtion, Semi-Autonomy and the Limits of Byzantinization. BBg. V (1978), p. 44.

[59] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 168; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 687 и сл.

управничката должност и на негово место поставен Домета (Добета).[60] Н. Туницки, потпирајќи се на изворните податоци од Пространото Климентово житие, се изјаснил дека Домета заедно со другите верни велможи на кнезот Борис, Есхач и Числав, се наоѓале на бугарскиот двор кога Климент заедно со Наум и другите соученици пристигнале во Плиска. Кога точно кнезот Борис го испратил Домета да ја управува областа Кутмичевица, која „в гражданском отношении была выделена в самостоятельную область", Туницки не навел.[61] На тоа прашање поконкретни одговори дале Ив. Венедиков и В. Ѓузелев. Првиот се изјаснил дека „още преди да изпрати Климент, Борис е предприел редица мерки, първата от който е чисто административна. Най-напред Борис отстранил от дльжноста дотогавашния представител на държавната власт в Девол – някой си Котокий – и поставил на неговото място Добета".[62] В. Ѓузелев дал уште попрецизен одговор, кога навел дека „княз Борис извършил промяна в управлението на областа Кутмичевица още през същата 886 година, малко преди Климент да потегли към нея. Дотогавашният управител Котокий бил заменен от него с нов – Домета".[63]

Гледиштето на В. Ѓузелев е навистина најубедливо. Тоа е во склад со изворните податоци од Пространото Климентово житие кои се единствени што говорат за административните промени што ги извршил кнезот Борис во новоосвоените југозападни македонски и јужноалбански области. Во таа смисла доста убедливо говори изјавата на кнезот Борис што ја дал во врска со молбата на бугарскиот болјарин Есхач да ги прими како гости во својот дом во Плиска Климента и Наума, а која изјава била дадена пред испраќањето на Климент на мисионерска работа во областа Кутмичевица: „Прими ги учителите со секаква почит, додека целосно го подготвам тоа што треба да се направи" (*τημης τους διδασκαλους υποδεξαι, αχρις αν επ αυτοις τελειως το πρακτεον οικονεμησωμεν*).[64] Ова Теофилактово соопштение, на кое досега во науката, колку што ни е познато, не му било обрнато внимание, доста убедливо говори дека пред да го испрати Борис Климента за учител во Кутмичевица ги извршил потребните подготовки (секако и административните промени) за успешно извршување на учителската мисија. Сето тоа, пак, ни дава за право да се изјасниме дека замената на комитот Котокиј со

[60] Не е убедливо искажувањето на В. Златарски дека пред Домета на чело на Кутмичевица стоел Курт, а кое име го добил по читањето на *τον ουτρον* од Московскиот ракопис на Климентовото житие како *Ουτρος–Χουτρος–Κουτρος*, (В. Н. Златарски, История на българската държава през средните векове, I, 2, София 1927, стр. 229 и сл.). Ваквото толкување на овој израз го прифатил како „најзадоволувачко" и Милев, изјаснувајќи се притоа: „макар че нямаме други сведения за управител с името Курт, но в житието се споменават много имена, който не се знаят од други извори" (Ал. Милев, Двете гръцки жития на Климент Охридски, стр. 154; истиот, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 157, бел. 117).

[61] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 166-176 и сл.

[62] Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 310.

[63] В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 357. Подолу тој наведува дека Котокиј бил заменет со Домета „в края на 886 г. " (стр. 385).

[64] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 122-123.

Домета била извршена набргу по пристигнувањето на Климента и неговите соученици во Плиска. Најверојатно тоа станало кон крајот на 885 или почетокот на 886 година, зашто, како што аргументирано навел Н. Туницки, „не прошло и одного года со времени прихода Климента в Болгарию, как он покинул дом гостоприемнаго болгарскаго вельможа и отправился в область юго-западной Болгарии для распространения там славянской грамоты и организации дела славянскаго просвещения".[65] Според тоа, учителската дејност на Климента во Кутмичевица најверојатно започнала кон средината на 886 година.

Откако Климент бил испратен да дејствува како учител во областа Кутмичевица, комитот Домета, по наредба на кнезот Борис, заедно со своите потчинети органи, целосно се ставиле на негова услуга. Всушност, како што известува Теофилакт Охридски, Домета и Климент биле поверени од кнезот Борис „еден на друг, едниот како послушен во сè, а другиот како задолжен да се користи од првиот како од свој помошник".[66]

За успешно извршување на „специјалната мисија",[67] кнезот Борис го удостоил Климента со три раскошни дворци, кои, како што видовме, се наоѓале во рамките на Деволскиот „лиман" и биле конфискувани од претставниците на месната словенска племенска аристократија. Овие дворци секако кнезот Борис му ги подарил на Климента со цел истите да ги претвори во словенски училишта. До изградбата на нови училишни згради, во рамките на овие дворци, Климент заедно со своите помошници ги изградил првите словенски учители и свештеници. Наскоро словенски училишта изникнале и по другите краишта на опширната област Кутмичевица. На тој начин брзо и осетно се зголемил бројот на учениците, кои директно биле изградувани под раководството на Климента. Тоа со нагласеност го истакнал и неговиот житиеписец Теофилакт, кога навел дека „тој имал во секоја енорија избраници помеѓу другите и тие никако не биле малку, бидејќи нивниот број изнесувал до три илјади и петстотини. Со нив тој го поминувал поголемиот дел од времето и им ги раскажувал подлабоките места од писанијата".[68]

---

[65] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 156.

[66] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124-125. Сп.: Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 311; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 385.

[67] С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 197.

[68] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126-127. Не ни е убедливо искажувањето на Венедиков дека „новосъздадената от Климент школа е представлявала едно учреждение, което се е намирало в гр. Девол, и следователно е било под разпоредбите на представителя на българската държавна власт в тези град", т.е. дека кнезот Борис презел мерки за „осигуряване на сгради за самия Климент и за школата му в Девол..." (Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 310-311). Поприфатливо и поаргументирано останува гледиштето дека Климент како учител во Кутмичевица ја создал и раководел Охридската школа. Во таа смисла доста убедлив е Н. Туницки кога вели дека „Охрида с ея окрестностями" биле во времето на Борис „центром славянской письменности..., где стала процветать кирилло-мефодиевская традиция". Исто така во право е овој учен кога истакнува дека Климентовиот манастир во Охрид

Седумгодишната учителска дејност на Климент најмногу била врзана за градот Охрид. Тоа со нагласеност го навел неговиот житиеписец Димитрија Хоматијан, кога истакнал дека Климент „најчесто престојувал во илирскиот град Лихнид, кој е центар на околните градови... Во овој град Лихнид или Охрид тој изградил и други божји храмови и од темели свет манастир на великомаченикот Пантелејмон, каде се оддал на аскетски подвизи. Додека тој бил жив, како од небесно висок светилник ги распространувал зраците на тоа учење меѓу своите ученици..."[69]

За да се претвори градот Охрид во средиште на учителската дејност на Климент овозможил и самиот Борис. Покрај тоа што Климент добил од него три дворци во Деволската област, му подарил и места за одмор околу Охрид и Главиница заедно со зависни луѓе, а исто така издал наредба сите жители на Кутмичевица „да го примаат светецот благочестиво и да му доставуваат сè во изобилство, да го даруваат со подароци..."[70] Дека Климент имал добиено „имот од верни кнезови и цареви" и дека дел од него пред својата смрт го отстапил на својот манастир во Охрид, соопштува и самиот житиеписец Теофилакт.[71]

Овие изворни податоци од Пространото Климентово житие со право го натерале С. Лишев да заклучи „дека не само отделни селяни били задължени да обработват подарените на Климент имоти около Охрид и Главиница, но че и *всичкото население* (подвлекол – С. Л.) било задължено да плаща на Климент определена дан като на висш сановник, испратен от Борис в Деволската област със специялна мисия. Следователно Климент получил от Борис двояко възнаграждение: от една страна, поземлена собственост (*'αναπαυσεωϛ τοπουϛ*), както видяхме, околу Охрид и Главиница, а, от друга страна, и право на дан. Тази дан по всяка вероятност е била приела формата на някакъв общ данък, който населението е плащало в такива случаи".[72]

Со богати привилегии од бугарскиот двор исто така биле удостоени и „одбраните" Климентови ученици во одделните црковни области (енории-

---

бил тој каде Климент заедно со своите ученици „сосредоточивались главным образом... литературная производительность и работа по переписке книг". Сите расположиви изворни податоци, нагласува понатаму Туницки, „указывают на особенную живучесть книжной традиции в Охриде и окружающей ее области в древнюю эпоху и определяют историческое значение источника этой традиции, каким была школа, организованная Климентом" (Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 249-251, 256). Во последно време на такво гледиште стојат и: В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 364 и сл.; Е. Георгиев, Охридската книжовна школа, стр. 56 и сл.; Р. Угринова-Скаловска, За средновековните книжевни школи во Македонија. Во кн. Климент Охридски. Студии. Скопје 1986, стр. 52-53; З. Рибарова, Охридските традиции и јазикот на македонската средновековна писменост. Во кн. Климент Охридски. Студии. Скопје 1986, стр. 56 и сл.; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 697 и сл.

[69] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 176-179.

[70] Ibid., 124-125.

[71] Ibid., 140-141. Сп.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 60-61.

[72] С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 197.

те). Во прилог на тоа говори и житиеписецот Теофилакт, кога наведува дека учениците на Климент „биле најдобри од сите по живот и по знаење", дека од нив тој поставувал четци, подѓакони, ѓакони и свештеници и дека „во секоја област тој се служел со триста ученици без нивните помошници и *тие не му плаќале ништо на кнезот* (подвлекол – Б. П.), туку му служеле на бога и биле определени нему да му плаќаат или поскоро да му се отплаќаат".[73]

Кнезот Борис не случајно ги удостоил Климента и неговите одбрани ученици со имоти и привилегии. Тој имал голема надеж „во него" и неговите одбрани ученици и нивните помошници[74] во реализирањето на својата политика во областа Кутмичевица.[75]

Југозападна Македонија била претворена во средиште на учителската дејност на Климент. Во градот Охрид, во којшто Климент „најчесто престојувал" и кој бил „центар на околните градови"[76], била формирана т.н. Охридска школа, која под непосредно раководство на Климент, а подоцна (од 893 г.) и на Наум, постепено израснала во високошколска културно-просветна и црковна институција, т.е. во прв словенски универзитет на Балканот, па и пошироко.[77] Дејствувајќи главно од Охрид, Климент заедно со своите соработници често ги посетувал одделните области во Кутмичевица при што „громогласно им го проповедал на паганите божјиот спас и со сите беседувал воопшто за спасувачките божји заповеди и за божјите догми и ги убедувал дека како што е благочестивиот живот без здраво учење во суштина мртов и засмрден, така и учењето без живот не води кон вечен живот".[78]

Меѓутоа, главната задача што му ја поставил бугарскиот двор на Климент не се состоела во елеминирањето на паганите, кои сеуште ги имало и во југозападните македонски краишта, иако Бугарија официјално го примила христијанството од Византија во 864 година. Напротив, како што нагласил Н. Туницки, „главным делом его в этот период быила организация славянский школ, в которых велось систематическое обучение славянской грамоте и церковной литературе".[79] Во Кутмичевица, која „како учителски округ" во овој временски период претставувала и „определена црковна

---

[73] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126-127.

[74] Ibid., 124-127.

[75] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 175, 187-188.

[76] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 176-177.

[77] Види: П. Петров, Климент Охридски и неговата епоха. Сб. Климент Охридски 916-1966. Изд. БАН. София 1966, стр. 48; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 364; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 699; Р. Угринова-Скаловска, За средновековните книжевни школи во Македонија, стр. 52; В. Стојчевска-Антиќ, Климент Охридски. Климент Охридски. Студии. Скопје 1986, стр. 108; Н. Бошале, Универзитетот на Климент и Охридската книжевна школа. Во кн. Климент Охридски. Студии. Скопје 1986, стр. 156-159.

[78] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126-127.

[79] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 188.

единица",[80] сè повеќе се засилувало византиското влијание преку грчките епископи и нивните помошници, кои слободно дејствувале на овој терен уште од 864 година.[81] Кнезот Борис, соочен со овој проблем, на трипати ја менувал својата црковна политика со цел Бугарија да се здобие со самостојна црква. Во периодот 864-866 година се потпирал на Цариградската патријаршија; во 866-870 ја поддржувал Римската црква, а од 870 поминал на страната на Цариградската црква кога Византија го удостоила со самостојна црква – архиепископија, потчинета на врховната власт на цариградскиот патријарх.[82] Со тоа на византиските свештеници, кои дејствувале на територијата на Македонија, им се дала можност уште повеќе да се зафатат со наложувањето на црковната власт на Цариградската патријаршија во немирните македонски области. Колку во тоа успеале се гледа и од фактот, што одделни македонски епархии биле вклучени во списоците на епархиите кои биле директно потчинети на Цариградската црква, независно од тоа што нивните територии се наоѓале во рамките на бугарската држава.[83] Меѓу таквите епархии била и Охридската, чијшто епископ Гаврило Охридски учествувал и на црковниот собор во Цариград 879 година.[84] Кнезот Борис бил немоќен во овој период да го запре засиленото византиско влијание, зашто сеуште немал изградено словенски црковен кадар и сопствена црковна организација. Таква прилика му се укажала со доаѓањето на Климент, Наум и другите Методиеви ученици во Плиска. Брзото испраќање на Климента во областа Кутмичевица пред сè било поврзано со изградувањето на броен словенски свештенички кадар, кој требал да ги заземе местата на истиснатите грчки свештеници. Во таа смисла дејноста на Климент во Македонија била идентична со онаа што тој, заедно со своите ученици Кирил и Методиј ја вршел во Велика Моравија. Разликата сега била само во едно: во Велика Моравија Кирил и Методиј и нивните ученици работеле на тоа да ја заменат латинската богослужба со словенска, а во Македонија Климент и Наум заедно со нивните ученици настојувале да ја заменат грчката со словенска богослужба.[85] Во прилог на тоа се изјаснил и Н. Туницки, кога навел дека „Климент не был просто мисионером Македонии в обычном смысле этого слова, и не распространение християнства среди славян было главной цель его трудов, так как население Македонии и смежных областей уже до него было крещено. В своей деятельности на первый план он ставил просвещение народа славянским книжным учением, введение славянскаго богослужения, приготовление национальной иерархии".[86]

---

[80] Ibid., 186-187.

[81] Вид.: В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 178 и сл.

[82] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 175; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 406 и сл.

[83] Ibid., 184-185.

[84] Гръцки извори за българската история, IV, София 1961, стр. 117.

[85] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 175; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 225, 695.

[86] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 174-175.

За време на извршувањето на својата мисионерска дејност во Кутмичевица, Климент заедно со своите најблиски соработници не дејствувале како обични учители.[86а] Дејствувајќи претходно како византиски мисионер во Велика Моравија, тој добро го запознал византиското школство, па сега со своите соработници можел успешно да го применува во Македонија. Во таа смисла под непосредно раководство на Климента од неговите „одбрани" ученици биле изградени разни специјалисти: учители за Евангелието, учители за апостолот и учители за псалтирот.[87]

За само „седум години", колку што траела учителската дејност на Климент во рамките на Кутмичевица, тој успеал да изгради околу 3500 ученици, кои „биле најдобри од сите по живот и по знаење". Тоа се должело пред сѐ на неговата сестрана и интензивна работа која не била врзана само за Охрид. Неговиот житиеписец Теофилакт пренесува[88] дека Климент „повеќето од времето го поминувал" со своите ученици во пооделните енории. Притоа, нагласува житиеписецот, без „да безделничи, тој или ги учеше децата, и тоа по различни начини – на едни им ги покажуваше формите на буквите, на други им ја објаснуваше смислата на напишаното, а на трети им ги нагласуваше рацете, за да пишуваат и не само денски, туку и ноќе, или се оддаваше на молитва, или се занимаваше со читање, или пак пишуваше книги, а понекогаш во исто време вршеше две работи: пишуваше и предаваше на децата некакво знаење, бидејќи знаеше дека безделничењето е учител на секое зло..."[89]

Држејќи се до овие податоци од Климентовото житие, Н. Туницки се изјаснил дека „юго-западная Македония обязана была Клименту организацией школ двух родов – училищ для взрослых и для детей. Как видно из жития, обучение славянской грамоте взрослых имело главным образом цель практическую – приготовление славянской иерархии, клира и учителей славянской грамоты для народа".[90]

---

[86а] Во право е Милев кога истакнува дека „в ония времена 'учител' е с много по-широко значение от сегашното: това е духовник, който проповядва Свещеното писание, бори се срещу езичеството, учи народа на четмо и писмо" (Ал. Милев, Двете гръцки жития на Климент Охридски, стр. 147-148).

[87] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 187. Според овој учен Климентовиот учител Константин Филозоф бил „учителем Евангелия".

[88] Во овој дел на Климентовото житие архиепископот Теофилакт се претставува како да е непосреден учесник во овие настани: „А нас смирените и недостојните поради својата срдечна добрина тој нѐ беше направил поблиски од другите и ние секогаш бевме со него, присуствувајќи во сѐ што го вршеше, коешто го говореше и на коешто учеше преку едното и другото. Ние никогаш не го видовме да безделничи..." (Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126-127). Врз база на овие и другите слични искажувања на житиеписецот, со право во научната литература се смета дека тој се потпирал врз словенско житие, напишано од Климентов ученик (Види: Ал. Милев, Двете гръцки жития на Климент Охридски, стр. 153; Д. Ангелов, Българската народност и делото на Климент Охридски, стр. 16 и бел. 30).

[89] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126-127.

[90] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 189.

Сите ученици кои излегле од Климентовата школа биле приклучени кон црковниот клер и како четци, подѓаконим, ѓакони и свештеници биле распоредени на работа во одделните енории. Притоа, како црковни органи, тие биле ослободени од секакви давачки во полза на бугарската држава.[91] Голем број од Климентовите ученици ги зазеле местата на грчките свештеници и во енориите кои не влегувале во рамките на Кутмичевица, каков што бил случајот и со Брегалничката област, кога во новоизградената Брегалничка епископија била воведена богослужба уште во времето на кнезот Борис.[92]

Градот Охрид, независно од тоа што Климент располагал со свои училишта и во другите соседни градови, уште за време на неговото учителствување во Кутмичевица освен во црковно-просветен израснал и во развиен книжевен центар. За тоа најмногу придонел Климент за чиешто име со право се врзал и називот Охридски. Неговиот манастир во Охрид, „чијашто убавина ја сакал и за којшто тагувал кога се оддалечувал" од него[93], бил претворен во главно културно-просветно средиште. Затоа во науката Климент со право се смета за основоположник на Охридската книжевна школа.[94]

Уште додека стоел на чело на Охридската школа, Климент Охридски „измислил и други форми на буквите за поголема јаснотија од оние што ги пронашол мудриот Кирил".[95] Врз база на ова соопштение на житиеписецот Димитрија Хоматијан, некои учени дошле до сознание дека Климент бил авторот на кирилицата.[96] Оставајќи го тоа прашање отворено, нам ни изгледа поубедливо гледиштето дека Климент Охридски во извесна смисла само ја видоизменил глаголицата.[97] Како сестрано образован човек тој секогаш

---

[91] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126-127. Сп.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 60-61; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 217, 705.

[92] Patrologiae cursus completus. Series Graeca, t. 126, edd. J. P. Migne. Paris 1864, col. 208, A.D.

[93] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 134-135.

[94] Поопстојно за Климентовата Охридска книжевна школа види: Е. Георгиев, Охридската книжовна школа, стр. 53-77; Б. Велчева, Глаголицата и школата на Климент Охридски. Сб. Климент Охридски 916-1966. Изд. БАН, София 1966, стр. 133-141; Б. Конески, Охридска книжевна школа. Во кн. Климент Охридски. Студии. Скопје 1986, стр. 9-23; Р. Угринова-Скаловска, За средновековните книжевни школи во Македонија, стр. 51-55; З. Рибарова, Охридските традиции и јазикот на македонската средновековна писменост, стр. 56 и сл.

[95] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 134-135.

[96] Поопстојно за тоа види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 95 и сл.; В. Сл. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий. София 1946, стр. 155 и сл. Во последно време со доверба кон таквото гледиште се однел и Димитар Ангелов кога се искажал. „Има голямо основание според мен да се предположи в съгласие с вече изказаното от редица иследвачи становище, че в случая става дума за едно видоизменение на глаголическата азбука, създадена от двамата братя, в кирилско писмо и че вероятно Климент е бил създателът на кирилицата", т.е. дека кирилицата за прв пат била „създадена, и то именно от Климент, който се убедил, че е нужна по-лека и разбираема азбучна система" (Д. Ангелов, Българската народност и делото на Климент Охридски, стр. 21 и бел. 52). Сп. и Ал. Милев, Двете гръцки жития на Климент Охридски стр. 159.

[97] Дека Климентовата школа во Охрид останала верна на глаголицата и на кирилометодиевската традиција, во последно време се застапуваат и: Б. Велчева, Глаголицата и школата на Климент Охридски, стр. 140-141; Б. Конески, Охридска книжевна школа, стр. 18 и сл.; З. Рибарова, Охридските традиции и јазикот на македонската средновековна писменост, стр. 57 и сл.

настојувал да биде што попрактичен кога ја извршувал својата мисија во Македонија. Во прилог на тоа говорат и вестите од Пространото Климентово житие со кои Теофилакт Охридски истакнува дека Климент, поаѓајќи од тоа дека жителите на Кутмичевица биле наполно непросветени и дека обучените словенски свештеници тешко го разбирале „напишаното на грчки јазик”, „пронашол средства” и против тоа: „составил прости и јасни слова за сите празници”, „богато ја снабдил црквата, а други, пак, молитвени и благодарствени, што се во чест на сенепорочната Божја мајка”.[98]

Во науката Климент Охридски со право се смета за основоположник не само на македонската словенска школа и црква, туку и на словенската култура. Со напишаните над 50 „слова” (дела),[99] преведени или оригинални, Климент Охридски ги поставил темелите на изградувањето на македонската литература и култура.[100] Градот Охрид, во кој „најчесто престојувал”, за време на неговото учителствување и подоцна, кога од 893 година стоел на чело на Величката епископија,[101] бил претворен во средиште на скриптории и богата библиотека,[102] а што овозможило тука да творат голем број културни творци. Како резултат на тоа Охрид се претворил во расадник од којшто ширум целиот словенски свет биле растурени голем број словенски книжевни дела.[103] Под непосредно раководство на Климент Охридски исто така израснале и голем број познати книжевници[104] и други културни творци, од кои, подоцна, некои постанале и основоположници на богомилското учење.[105]

Климентовите „најдобри” ученици, кои ги имало во секоја област по 300 „без нивните помошници”,[106] дејствувајќи по обновените или новоизградените „божји храмови”[107] како четци, подѓакони, ѓакони и свештеници, а едновремено и како просветни и културни дејци, овозможиле насекаде низ Македонија да се претвори „варварскиот и див народ во свет народ” заради што Климент Охридски „бил удостоен со апостолски благослов”.[108]

---

[98] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 132-133.

[99] Види: Е. Георгиев, Разцветът на българската литература в IX-X век. София 1962, стр. 131; Ал. Милев, Двете гръцки жития на Климент Охридски, стр. 152-153.

[100] Види.; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 225 и сл.

[101] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 134-135, 176-177.

[102] С. Антолјак, Средновековна Македонија, I, Скопје 1985, стр. 211. Сп. и Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 249 и сл.

[103] Вид.: С. А. Никитин, Произхождение славянской письменности. – Краткие сообщения Института славяноведения, 39, Москва 1963, стр. 25-26; Б. Конески, Охридска книжевна школа, стр. 22- 23.

[104] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 256 и сл.; Д. Ангелов, Богомилството в България. София 1969, стр. 116.

[105] Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 116-118, 149; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 266-267, 710 и сл.

[106] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 126-127. Сп.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 189 и сл.

[107] PG, t. 126, col. 189, C-D; col. 200, C; 529, D: Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 132-135, 176-177.

[108] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 180-181, Сп.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 193, 235, 250 и сл.

Со вакви признанија Климент Охридски бил удостоен и од житиеписецот Теофилакт Охридски: „И бидејќи низ целата бугарска (македонска)[109] земја растеле диви дрвја и недостасувале облагородени плодови, тој (Климент) ѝ го подарил и тоа благо, кога пренел од земјата на Грците секаков вид облагородени дрвја и преку пресадување ги направил плодни дивите дрвја, за да ги воспита, мислам, и на тој начин човечките души да ги примаат соковите на добрината и да го принесат како плод на бога извршувањето на божјата волја, којашто единствено тој ја сметал за себе".[110]

Ова Теофилактово соопштение, кое извршило силно влијание и врз народното творештво, посебно од Охридскиот крај,[111] не е доволно сфатено од познавачите на Климент Охридски. Ал. Милев, кој направил критичко издание на Климентовите грчки житија, не нашол за потребно дури да даде краток коментар на тоа Теофилактово известување.[112] Тој тоа го направил нешто подоцна, изјаснувајќи се дека „известието на Теофилакт за присаждане върху диви дървета питомни, взети от „страната на грците", вече не е предмет на съмнение", бидејќи „като се има пред вид целокупната дейност на охридския архиерей, трябва да приемем, че съобщението почива върху факти и не е измислица".[113] Буквално овие вести од Теофилакт Охридски ги прифатил и С. Лишев, кога навел дека во Деволската област „самиот Климент покрай просветната си и църковна дейност се занимавал и със стопански работи като поземлен собственик; той наредил да пренесат от Гърция всякакви видове облагородени дръвчета и да облагородят местните чрез присаждане".[114]

Теофилакт Охридски, чиишто дела се исполнети со алегории и сл.,[115] во приведениот полемичен текст од Климентовото житие не мислел дека во

---

[109] Изразот „бугарска земја" (*βουλγαρων χωραν*) место македонска е провлечен од самиот житиеписец Теофилакт, кој го напишал Климентовото житие кон крајот на XI век. Држејќи се до установената традиција во Византија уште во првата половина на X век: сите потчинети народи од Бугарите да се третираат како „Бугари", т.е. бугарски поданици, а која пракса продолжила и по ликвидирањето на Првото бугарско царство во 971 г., Теофилакт едноставно избегнувал да ги употребува изразите Словени, Македонци, Македонија и сл. Во таа смисла тој дури кога говори за словенската колонизација на Македонија во Житието на Тивериополските мачениците, со нагласеност истакнал дека „Бугарите" ја населиле Македонија. На ваквото мешање на називите „Словени" и „Бугари" укажал и Иванов (Й. Иванов, Българите в Македония. София 1917, стр. 17- 18). Поопстојно за тоа види: С. Антољак, Средновековна Македонија, I, стр. 306, бел. 43; Бр. Панов, Средновековна Македонија, II. Скопје 1985, стр. 313 и сл.; истиот, Средновековна Македонија, III, стр. 25-30.

[110] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 134-135.

[111] Вид.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 105 и сл., како и таму наведената литература; Ц. Романска, Климент и Наум в народните предания. Сб. Хиляда и сто години славянска писменост 863-1963. Изд. БАН, София 1963, стр. 378.

[112] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 134-135.

[113] Ал. Милев, Двете гръцки жития на Климент Охридски, стр. 152.

[114] С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 176. Слично го сфатиле Теофилактовото известување и Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 221; П. Петров, Климент Охридски и неговата епоха, стр. 51; Ц. Романска, Климент и Наум в народните предания, стр. 378.

[115] Види.: Г. Г. Литаврин, Будапештская рукопись писем Феофилакта Болгарского. Известия на Института за история, т. 13-14, София 1964, стр. 512, Б. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 319 и сл.

Охридско и другите соседни области Климент Охридски пресадувал (калемел) диви дрвја, пренесувајќи го притоа искуството „од земјата на Грците", туку „сеејќи духовни семиња"[116] настојувал „да ги измени мислите на луѓето кон кроткост и човечност", т.е. преку нивното привлекување во изградените раскошни цркви и манастири се стремел особено да ја ублажува жестокоста, суровоста и грубоста на нивните срца во богопознавањето".[117]

Во слична форма ја прикажал мисионерската дејност на Климент и Димитрија Хоматијан. Откако тој со нагласеност истакнал дека Климент во Охрид оставил „споменици и свештеници и свештени книги", го навел и тоа дека тие биле почитувани и уважувани „од целиот народ", зашто тој уште додека бил „наполно непросветен со крштевање и имал варварска дивост, тој ги довел сите до богопознавање со своите боговдахновени поуки и ја преобразил грубоста на нивната мисла во благородство на наравите, внушувајќи им справедлив и разумен живот". Така, продолжува понатаму житиеписецот Димитрија Хоматијан, Климент успеал „преку своето сопствено усрдие да го претвори варварскиот и див народ во свет народ".[118]

Овие вести од грчките биографи на Климент Охридски, суштински гледано, убедливо говорат дека Климент не се занимавал „со стопански работи" (со калемење и сл.) при извршувањето на својата мисионерска дејност во Кутмичевица, туку со отворање словенски школи и цркви, со изградување словенски учители и свештеници, како и други културни дејци, со воведување словенска богослужба во црквите и отстранување на грчката, и воопшто со културно издигање на својот „див варварски" народ. Така гледано, се разоткрива и карактерот на мисионерската дејност на Климент во Македонија. Неговата дејност во Македонија всушност треба да се гледа од две страни, зашто едната страна го прикажува Климента како мисионер, спроводник на политиката на Борис и Симеон во Македонија, а другата, како основоположник на македонската словенска школа, црква и култура.[119]

## 2.

По седумгодишното учителствување во Кутмичевица во 893 година Климент Охридски бил назначен од новиот бугарски владетел Симеон за прв „словенски епископ".[120] Неговото учителско место му било доверено на Наум, кој исто така добил имот на другата (јужната) страна од Охридското Езеро, каде си изградил и свој манастир.[121]

---

[116] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 122-123.
[117] Ibid., 134-135.
[118] Ibid., 178-181.
[119] Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 225.
[120] Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 114, 218-220.
[121] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 312-313, Види: В. Златарски, Словенското житие на Св. Наум от XVI век. Списание на БАН, кн. XXX, Клон историско-филологичен

Изборот на Климент Охридски за епископ бил извршен откако Симеон бил обземен од неговата учителска „слава" и се „посоветувал со поразумните од своите блиски".[122] Житиеписецот Теофилакт соопштува дека Климент „повереното епископско дело" го примил достоинствено, учејќи го „клирот на црковен ред и на тоа што се однесува до псалмопеењето и молитвите, со што ги направил свештенослужителите на својата епископија да не отстапуваат со ништо никому од православните во овие работи..."[123] За жал, соопштението од Теофилакт дека Климент бил назначен за „епископ на Дрембица или Велика" (*επισκοπον Δρεβενιτζας ητοι Βελιτζας*)[124], во недостиг на други посигурни изворни податоци,[125] поради својата нејаснотија станало предмет на жива полемика меѓу истражувачите, која трае сѐ до денес.[126] Затоа, во право е Ив. Снегаров кога вели дека сите искажани мислења во врска со местоположбата на Климентовата епархија ќе останат хипотези сѐ дотогаш додека не се најде „загубеното словенско житие на Климент, напишано од негов ученик", чиешто продолжение претставува Наумовото словенско житие.[127]

Седиштето на епископската катедра на Климент Охридски секако треба да се бара подалеку од Охрид. Во тоа се согласни скоро сите истражувачи кога го имале предвид искажувањето на житиеписецот Теофилак: „Климент се враќал од Велика во Охрид како за да види дали жителите на земјата се силни по дух и дали се опираат на стравот од бога како на некаков жезл, така исто и за да остане на спокојство во општењето со бога во својот манастир, чијашто убавина ја сакал и за која тагувал *кога се оддалечувал на друго место* (подвлекол – Б. П.).[128]

Ова известување од житиеписецот Теофилакт оди во прилог на соопштението од Диканжовиот список на охридските архиепископи (XII век), со кое се истакнува дека Климент станал „епископ на Тивериопол или Велика" (*Κλημης γενομενος επισκοπος Τιβεριοπολεως ητοι Βελικας*)[129], што значи бил доста оддалечен од „метрополата" Охрид.[130] Затоа, во право е Ив. Снега-

---

и философско-обществен, 17, София 1925, стр. 2 и сл.; Д. Коцо, Проучувања и археолошки испитувања на црквата на манастирот Св. Наум. Зборник на Археолошкиот музеј во Скопје, Скопје 1958, стр. 56-80; Ив. Дуйчев, Пространно гръцко житие и служба на Наум Охридски, стр. 262 и сл.; Ил. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски, стр. 96 и сл.

[122] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 128-129.

[123] Ibid., 128-131.

[124] Ibid., 128-129.

[125] Поопстојно за тоа види: П. Ст. Коледаров, Климент Охридски, стр. 142 и наведената таму литература.

[126] Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 194 и сл.; Ив. Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски, стр. 291 и сл.; П. Ст. Коледаров, Климент Охридски, стр. 142 и сл.; Ил. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски, стр. 100 и сл.

[127] Ив. Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски, стр. 304.

[128] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 134-135.

[129] Гръцки извори за българската история, VII. София 1968, стр. 109.

[130] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 176-177.

ров кога вели дека „сведението на Дюканжевия каталог за Климент трябва да бъде ръководна нишка в търсенето на местоположението на Климентовата епископия" зашто каталогот бил составен врз база на официјални документи составени во канцеларијата на Охридската архиепископија.[131] Поаѓајќи од овој податок и вршејќи споредување со оние од Пространото Климентово житие, како и другите расположиви извори, уште од средината на XIX век истражувачите дошле до сознание дека епископското седиште на Климента се наоѓало во градот Струмица, т.е. дека Тивериополската (Струмичката) епархија била Климентовата епархија.[132] Во таа смисла можеби има право Е. Голубински, кога по извршената споредба меѓу соопштението од Климентовото житие: *Δρεμβιτζας ητοι* Βελιτζας и *επισκοπος* Τιμ (=β)*εριουπολεως ητοι* Βελικας, од Диканжовиот каталог, предложил да се исправи текстот во Климентовото житие: наместо *Δρεμβιτζας* да стои *Στρουμβιτζας*.[133] Како убедливо ова гледиште подоцна го поддржал и Ив. Снегаров, истакнувајќи притоа дека составувачот на Диканжовиот каталог под називот Тивериопол „несомнено" го имал во предвид словенскиот назив Струмица, односно дека составувачот на каталогот или „е разбирал названието *Δρεμβιτζα* като съзвучно на *Στρομβιτζα* (така е наречена Струмица в едно писмо на охридския архиепископ Теофилакт), или пък в негово време в Охрид е съществувало предание за епископското служение на Климент околу Струмица".[134] Што се однесува, пак, до изразот Βελικας, со кој била означена титулата на епископот Климент во Диканжовиот каталог, Снегаров смета дека „трудно е да се отгатне" што заправо разбирал составувачот на каталогот: област или населба. Сепак, нему му изгледало „че с названието **Велика** той е означавал областта по р. Велика (Вардар), като считал, че в нея е влизала съвременната му Струмишка епархия". Врз база на сето тоа, Снегаров заклучил, дека „във всеки случай в Дюканжевия каталог се отразява мнението на черковните кръгове в Охрид през XII в., че Климент бил струмишки епископ или, по-точно, те включавали и Струмишкий край в неговата епархия"[135] Но, и покрај таквите убедливи искажувања, Снегаров на крајот со нагласеност се изјаснил дека седиштето на Климентовата епархија не се наоѓало „многу далеку од Охрид", зашто, како што претположил тој, „това значително селище" се наоѓало на територијата на „голямото и енергично славянско племе берзити (бързяци)", т.е. дека Климентовото епископско седиште Велица „е било славянското име на гр. *Βυλαξωρα*", името на Велес, „вследствие на което местните славянски книжовници го титуловали просто **Величскiи** епископот Климент.[136]

---

[131] Ив. Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски, стр. 302-303.

[132] Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 195; Б. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 219.

[133] Е. Голубинский, Краткий очерк православных церквей болгарской, сербской и ромынской. Москва 1871, стр. 63; истиот, Св. Константин и Мефодия, первоучители славянские. Москва 1885, стр. 57.

[134] Ив. Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски, стр. 302.

[135] Ibid., 303.

[136] Ibid., 304-305.

Во последно време иако во научната литература се направени обиди да се локализира Климентовата епархија на територијата на која живеело словенското племе Драговити,[137] и тоа главно врз основа на податокот од Ватиканскиот кодекс на Климентовото житие (XIII век): Ἐπίσκοπος Δραγ– βιστας ητοι Βελιτζας[138], а исто така истата да се изедначи со Деволската епархија,[139] сепак засега како најаргументирано останува гледиштето дека епископската катедра на Климент Охридски се наоѓала во древномакедонскиот град Тивериопол кој на словенски јазик бил „именуван" како Струмица (Στρουμμιτζη).[140]

Градот Тивериопол (Струмица) заедно со поголемиот дел од Струмичката област по долготрајни продолжителни борби меѓу Византијците и Бугарите[141] кон средината на 50-те години на IX век паднале под бугарска власт.[142] Најверојатно уште пред бугарските завладувања, Византија го обновила и активирала тивериополскиот „свет храм" кого што Словените и Аварите го разурнале уште кон крајот на VI век.[142a] Во Тивериополската црква секако Константин Филозоф покрстил дел од 54.000 Словени, кога тој во првата половина на 50-те години на IX век ја извршувал Брегалничката мисија во рамките на „словенското кнежевство", на чие чело цели 10 години (845-855 г.) стоел неговиот постар брат Методиј.[143] Инаку, уште во почетокот на владеењето на кнезот Борис струмичко-брегалничките краишта биле опфатени во рамките на Брегалничкиот комитат, чиј центар станал градот Брегалница.[144] Тогаш и дел од моштите на Тивериополските маченици биле однесени во новоизградениот брегалнички храм со цел да се подигне неговото религиозно ниво, зашто Брегалничката епархија најверојатно била издигната на местото каде кнезот Борис го „примил царството" на Бугарија.[145]

Расположивите изворни податоци не им дале за право на истражувачите да го утврдат точниот број и имињата на епархиите кои егзистирале на територијата на проширената бугарска држава пред и по назначувањето на

---

[137] P. Gautier, Clément d'Ohrid, évêque de Dragvista. Revue des études byzantines, t XXII (1964), p. 199-214.; П. Ст. Коледаров, Климент Охридски, стр. 142 и сл.; Ил. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски, стр. 100-104.

[138] Види: П. Ст. Коледаров, Климент Охридски, стр. 145 и бел. 1.

[139] Т. Томоски, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија, стр. 206-209.

[140] PG. t. 126, col. 151-152 За средновековна Струмица, поопстојно види: Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 376-498.

[141] Види: В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 40.

[142] Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 472-473, 607, 684-687.

[142a] PG, t. 126, col. 189, B-C; 200, C- D.

[143] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 285 и бел. 3. Види: Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 167 и сл.; истиот, Методиевото словенско кнежевство во Македонија. Историја, г. XXI, бр. 1, Скопје 1985, стр. 24 и сл.

[144] В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 385; Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 474- 475, 608-609.

[145] PG, t. 126, col. 201, C-205, D; 213, A; Й. Иванов, Богомилски книги и легенди. Фототипно издание. София 1970, стр. 283, Сп. и Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 607-612.

Климент Охридски за словенски епископ. Секако нивниот број и на територијата на Македонија, потчинета од Бугарите, осетно се зголемил по 864 година, кога кнезот Борис склучил договор за мир со Византија и пристанал византиски свештеници да го извршат покрстувањето на неговите поданици по источен образец. „Оттогаш – известува Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици – епископи се поставуваат и свештеници во многу се ракополагаат, и свети храмови се подигаат..."[146] Дали оттогаш или уште пред тоа Тивериополската црква била уредена како епархија не е можно да се утврди од изворите. Од Житието на Тивериополските маченици се дознава дека Борис ја зацврстил својата власт во Струмица со помош и на „епископи"[147]. Тоа пак ни дава за право да констатираме дека уште во почетокот на владеењето на Борис градот Струмица бил епископско седиште. Кој стоел на чело на Тивериополската (Струмичката) епархија пред 879 година, т.е. пред епископот Теоктист Тивериополски (*Θεοκτιστου Τιβεριο–πολευς*) кој заедно со охридскиот епископ Гаврило Охридски зеле учество на црковниот собор во Цариград,[148] не е познато. Но, секако овој грчки епископ бил заменет во 893 година со првиот словенски епископ Климент Охридски.[149] Инаку, уште пред Климентовото назначување за прв „словенски епископ" меѓу епископите кои дејствувале во рамките на бугарската држава имало и такви кои биле од словенско потекло, каков што бил случајот со Сергиј (Sergius Slavus), кој кон крајот на кнезувањето на Борис стоел на чело на епископската катедра во Белград.[150] Но овој епископ, како и нему сличните, како што правилно уочил Н. Туницки, „ничем не отличались от греков, были проникнуты духом византийской культуры и совершали службу на греческом языке". Заради сето тоа овие Словени-епископи не можат да се сметаат „претходници" на епископот Климент Охридски, кој целиот свој живот го посветил на просветувањето на својот словенски народ, поради што и бил наречен „словенски епископ".[151]

Со назначувањето на Климент Охридски за прв словенски епископ во Струмица, Симеон секако извојувал голема победа во борбата против засиленото византиско влијание, зашто овој град важел за стар христијански центар на Балканот.[152] За да ги ослабне византиските позиции во овој дел на Македонија (кој важел за пограничен меѓу Бугарија и Византија)[153], следејќи ја политиката на својот татко Борис, Симеон отишол дури и понатаму:

---

[146] PG, t. 126, col. 200, C.

[147] Ibid., col. 205, B.

[148] Гръцки извори за българската история, IV, София 1961, стр. 117.

[149] Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 172-173, 220, 477, 611.

[150] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 219.

[151] Ibid., 219-220

[152] Бр. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 389-390, 459-464 и сл.

[153] Ibid., 418 и бел. 195; П. Коледаров, Политическа география на средновековната българска държава, I, София 1979, стр. 44; Ил. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски, стр. 102.

заповедал од тивериополскиот „свет храм" во Брегалница да бидат пренесени моштите уште на двајца светци.[154] На тој начин од тој дел на Македонија создал истурена база за започнување на своите завладувачки походи кон градот Солун. Со тоа, Климент Охридски како „словенски епископ", заедно со своето словенско свештенство требале да дејствуваат во правец на реализацијата на Симеоновата завладувачка политика спрема македонските области кои се наоѓале под византиска власт. И навистина, само што бил назначен Климент за словенски епископ, Симеон ја возобновил војната со Византија и ја проширил границата на Бугарија со Византија на 22 км до Солун.[155] Во екот на оваа војна, која, со извесни прекини, се водела сè до смртта на Симеон,[156] епископот Климент „веќе подгрбавен од старост и истоштен од работа решил да се откаже од својата епископија". Својата „оставка" тој лично ја образложил пред „царот" Симеон, кога меѓу другото му нагласил: „додека моето телесно тело ги издржуваше црковните работи и грижи, коишто се потешки од државните", „не го напуштив" „божјето стадо". „Бидејќи ти гледаш како староста ме потиска и како големите работи ми ја одзедоа сета сила, погрижи се за црквата и постави во домот на господа таков служител, којшто располага со добра физичка и духовна сила и е помлад, за да ги прими врз себе црковните грижи. Исполни ми ја таа моја последна желба! Дај ми овие немногу денови да ги поминам во беседа со себе и со бога! За тоа мојот манастир е добро живеалиште. Дозволи ми да умрам таму!" Житиеписецот Теофилакт пренесува дека Симеон „останал ужасен од тоа неочекувано барање" на Климент. Откако со висок тон му одговорил дека не можел да го лиши своето „царство" од неговите архиерејски благослови, му нагласил: „Твоето напуштање на епископскиот престол е лошо претскажување за моето симнување од царскиот трон". Поради тоа му заповедал: „или потчини се, оче, или во спротивно мојот збор е дефинитивен: што да зборуваш нема да прифатам, што и да правиш нема да отстапам..."[157]

По ваквиот решителен став на „царот" Симеон, Климент Охридски „без да додаде нешто кон зборовите искажани пред царот за оставка, се вратил во својот манастир".[158] Средбата меѓу Симеон и Климент најверојатно се случила во последните години од животот на Климент, зашто житиеписецот Теофилакт нагласува дека тој само што се вратил во својот манастир во Охрид „се разболел" и откако „ја претчувствувал смртта" побрзал да

---

[154] PG, t. 126, col. 213, A

[155] Види: Ф. И. Успенский, Пограничный столб между Византией и Болгарией при Симеоне. Известия РАИК, III, София 1898, стр. 184 и сл.; Г. Баласчев, Новонайдениат надпис от времето на цар Симеона. Български преглед, г. I, кн. XII, стр. 61-78; Р. А. Наследова, Македонские славяне конца IX – начала X века по данным Иоанна Камениаты. Византийский временик, XI, (1956), стр. 91.

[156] Г. Острогорски, Историја Византије. Београд 1969, стр. 248-258.

[157] Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 136-141.

[158] Ibid., 140-141.

го напише оној дел од триодот што недостасувал: тоа што „се пее од новата недела до Педесетицата”. Исто така тој „направил завештание, и тоа според каноните, како за книгите што ги напишал така и за имотот... Откако го разделил целото свое богатство на два дела, едната половина ја оставил на епископијата, а другиот дел на манастирот...”[159]

Климент Охридски кој „до крајот на својот живот” ја извршувал епископската должност,[160] своите последни денови најверојатно ги поминал во својот манастир во Охрид. Иако житиеписецот Теофилакт не наведува каде тој „се преселил кај бога”, сепак со нагласеност истакнува дека неговото тело било „погребано во времето на бугарскиот цар Симеон, на 27 јули 6424 година (916 г.) во манастирот, во гроб, што тој самиот со своите сопствени раце го подготвил од десната страна на предниот дел на притвората”.[161] Шест години пред него (на 23 декември 910 г.) го завршил својот живот и учителот Наум, чие „чесно тело” – истакнува еден од неговите ученици (житиеписецот на Второто Наумово житие) – било „облечено од божествените раце на Христовиот архиереј Климент Охридски и свечено положено во гробот во десното крило на храмот”, кој се наоѓал од другата страна на Охридското Езеро.[162] Наум, за чие име се врзал и називот Охридски, во науката со право се смета заедно со Климента за основоположник на Охридската глаголска книжевна школа. Во таа смисла треба да се сфати и признанието што му го дал уште во X век еден од неговите анонимни житиеписци, кога меѓу другото навел: „Браќа нека не остане без помен и презвитерот Наум, оној брат, другар и страдалник на блажениот Климент, со когошто претрпе многу беди и страдања од еретиците”.[163]

*

* *

Огромно и епохално значење има дејноста на Климент Охридски во Македонија. Додека Западните Словени по смртта на Методиј биле лишени од германските свештеници да ја развиваат за подолго време кирило-методиевската традиција, по враќањето на Климент во Македонија во средината на 886 година и создавањето на Охридската книжевна школа не само што било продолжено делото на Солунските браќа туку започнал период на сеопшта културна преобразба како на македонскиот така и на другите

---

[159] Ibidem.

[160] Ibidem, 180-181.

[161] Ibid., 142-143. Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 104-107, 223-225; Д. Коцо, Климентовиот манастир „Св. Пантелејмон” и раскопката при „Имарет” во Охрид. Книга за Климент Охридски, Скопје 1966, стр. 129-169.

[162] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 313. Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 167; Д. Коцо, Проучувања и археолошки испитувања на црквата на манастирот Св. Наум, стр. 56-80.

[163] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 306.

словенски народи. Од Охридската книжевна школа, која Климент и Наум Охридски ја поставиле врз чисти народни основи, излегле повеќе илјади словенски учители, свештеници, писатели, уметници и други културни дејци, кои целосно се оддале на просветувањето и културното издигање на својот народ, којшто Климентовите грчки биографи го окарактеризирале како „див". Исто така изградените словенски црковни дејци (четци, подѓакони, ѓакони и свештеници) кои ги зазеле местата на грчките свештеници, со успех ја извршувале словенската богослужба во одделните македонски цркви. И така, додека на Запад одделните народи во овој период не можеле ни да помислат за воведување народен јазик во богослужбата, кога меѓу Западните Словени остатоците од народната црква и словенската писменост постепено замирале, и кога меѓу Србите и Хрватите туку што се појавиле никулците на просветувањето, а во Русија целосно господарело паганството,[164] на територијата на Македонија, потчинета од Бугарите, биле поставени здрави темели на развитокот на словенската црква со богослужба на разбирлив мајчин, словенски јазик и каде словенската просвета и култура достигнале висок степен во својот развиток. На тој начин, Македонија со својата Охридска школа се претворила во значајно културно средиште од каде се ширела словенската писменост и култура ширум целиот словенски свет. Во тоа се состои и големината на делото на Климент Охридски, кој, заедно со Наум во науката со право се сметаат за основоположници не само на македонската црква и култура туку за продолжувачи на кирило-методиевските традиции и за сесловенски културни дејци.


Branko PANOV

## CLEMENT OF OHRID'S MISSIONARY WORK IN MACEDONIA

(Summary)

Clement of Ohrid's missionary work in the area of Kutmichevitsa started in the middle of 886, and went in two directions: creation of Slavic educators and priests and the removal of the Greek ones from churches, and turning the belivers into obedient subjects of the Bulgarian state.

For the successful fulfillment of the „Special Mission", prince Boris gave Clement three magnificent palaces in the Devol area, that were confiscated from the local Slavic aristocracy. These palaces were transformed into Slavic schools. Until the erection of new school buildings, Clement and his assosiates created the first Slavic clergymen and teachers in the presented palaces.


[164] Види: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. VII-VIII, 259.

The centre of Kutmichevitsa was the area of Ohrid and Devol. From military and administrative point of view, Kutmichevitsa was organized as a stronghold with its centre in the city of Devol, at the area between the Lake of Prespa and the south coast of Ohrid Lake. Because of the city, this area was called Devol stronghold. Before Clement set for Kutmichevitsa, prince Boris removed commander Kotokia from the administration and placed Dometa instead. Clement had to coordinate the missionary activity with him. The south-west of Macedonia was turned into a centre of Clement's educational activity. In Ohrid, where Clement spent most of his time, he founded the so-called Ohrid School, that under his direct control and later under Naum's (from 893), became a high cultural, educational and church institution, i. e. the first Slavic university on the Balkans and wider. In „seven years" as Clement's enlightening activity in Kutmichevitsa lasted, he created 3500 educators, priests, artists and other workers in the field of culture. According to the fact we mentioned, he is considered as an establisher of the Macedonian Slavic school, church and culture.

The information of the hagiographer Teophilact of Ohrid is incorrectly interpreted namely, that Clement taught his disciples about inoculation of wild trees, on the basis, of the experience of the „Greek Land". If we consider the essential part of this Teophilact's information, it can be seen that Clement in the mentioned case insisted on creation of Slavic teachers, priests and other cultural workers through opening Slavic schools and churches. He wanted to enlighten his „wild and barbarian people".

From this point of view the character of his missionary activities in Macedonia was revealed. Basicaly, it should be considered from both sides, because on one hand he is shown as a missionary, realizer of the policy of Boris and Simeon in Macedonia, and on the other as an establisher of the Macedonian Slavic culture.

In 893 Clement was appointed first „Slavic Bishop" by the new Bulgarian emperor Simeon. The centre of Clement's Bischopric was probably the city of Strumitsa. This is confirmed by the information from the Du Cagne's lists about the Ohrid archibishops, which show that Clement became „episcope of Tiveriopole or Velika". With Clement's appointment for a Slavic Bishop in Strumitsa, Simeon won a great victory in the struggle against the Byzantine influence, because this ancient city was considered an Old Christian centre on the Balkans.

At the very end of his life, Clement sumbitted his resignation, but it was firmly rejected. He ended his life as a bishop in his Ohrid monastery in 916.